# П Р О Г Р А М А З А Р А Б О Т А

## СТОМАТОЛОШКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МАКЕДОНИЈА

Стоматолошко здружение на Македонија е доброволно,невладино , непартиско стручно здружение на доктори на стоматологија и сите други стручни лица кои учествуваат во стоматолошка здравствена заштита формирано со слободно здружување на граѓани без разлика на пол, вероисповест, националност и возраст, а заради остварување, заштита и усогласување на свои интереси, како и заради вршење на дејности и активности за подобрување на стоматолошката здравствена заштита која ја даваат.

Граѓаните се здружени во оваа здружение заради поширок заеднички интерес, а како посебни цели и задачи се:

1. Да води регистер на своите членови.

2. Во континуитет да го организира, потикнува, насочува и едуцира своето членство.

3. Да се залага за почитување на Кодексот на Стоматолошката Деонатологија.

4. Да организира и активно учествува во активностите за унапредување на стоматолошка здравствена заштита.

5. Да го штити угледот и стручниот интегритет на своите членови.

6. Да се грижи за унапредување на стручноста и постојаното стручно усовршување на своите членови поради подигање на квалитетот на стоматолошките здравствени услуги.

7. Да организира самостојно или во соработка со други релевантни институции, стручни собири, семинари, симпозиуми, конгреси и други научни собири.

8. Активно да соработува со Стоматолошка Комора на Р.М.

9. Активно да соработува со Стоматолошки факултети.

10. Активно да соработува со други слични друштва и здруженија во земјата и странство.

11. На стручен и аргументиран начин да остварува силно влијание на сите релевантни институции во земјата при носење на закони, прописи и акти кои се однесуваат на стоматолошка здравствена заштита.

12. Да се занимава со издавање на публикации, списанија и билтени.

13. Да ја потикнува соработката меѓу членовите, организирајќиразличниоблицина дружење (екскурзии,забави,заеднички ручеци,итн), да ги разгледува и смирува споровите меѓу нив.

14. Да врши и други задачи согласно Статутот и другите акти на Здружението.